АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 01- 1055/1
24 12 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**ЗА ПЕРИОДОТ 2026-2030 година**

Врз основа на член 158 - ѕ точка 9 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020 и 173/2022) и член 13 од Статутот бр. 02-317/2 од 26.3.2024 година, а согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Политиката на интегритет на АСО, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седницата на Совет на експерти, одржана на ден 24.12.2025 година донесе:

# Стратегиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за спречување на корупцијата

# за периодот 2026 -2030 година

## ВОВЕД

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положбата за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Поимот корупција, ги опфаќа и поимите на: **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување согласно своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување согласно неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување согласно општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

## I. Улога и мисија на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО)

Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) е самостојно и независно регулаторно тело. Нашата мисија е да обезбедиме стабилен, транспарентен и праведен пазар на осигурување преку ефикасна регулација и супервизија, грижа за заштита на осигурениците и корисниците на осигурување, унапредување на финансиската едукација и поттикнување на финансиската инклузија за сите граѓани.
Овие цели Агенцијата за супервизија на осигурување ги темели и остварува врз основа на утврдената политика за квалитет која е составен дел на нејзината мисија и визија и стратегијата за управувањето со ризици која како механизам и дава поддршка на АСО за успешно управување со ризиците со цел предвидување на неповолни настани, навремено реагирање, соодветно насочување на постапките на внатрешна контрола и ресурсите кон клучните функции и ризици.

Со цел успешно справување со корупцијата, АСО ќе ги применува принципите на одговорност, стручност, чесност и транспарентност. Во фокусот на АСО ќе биде остварување на следните задачи и цели:

- Остварување на својата мисија, преку целосно исполнување на законските надлежности согласно Законот за супервизија на осигурување и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
- Создавање на услови за фер, конкурентен и транспарентен пазар на осигурување;
- Унапредување на правната рамка на системот на осигурување;
- Носење одлуки, кои ќе се темелат на системски анализи со цел зајакнување на довербата на јавноста и довербата на осигурителните субјекти во работата на АСО;
- Унапредување на институционалниот и административен капацитет преку инвестирање во вработените по пат на обуки и стручно усовршување;
- Целосна посветеност на сите вработени во реализирање на поставените цели на професионален, транспарентен и непристрасен начин на работа;
- Обединување на сите вработени во насока на развој на АСО, користејќи ги нивните знаења, компетенции, искуства и признавајќи го нивниот придонес;
- Поставување на професионални стандарди за вработените заради јакнење на интегритет во справување со облиците на корупција;
- Континуиран развој на системи од областа на информациските и комуникациските технологии;
- Идентификување и соодветно управување со ризиците во работните процеси во АСО;
- Развивање на партнерски односи со другите регулаторни тела на финансискиот сектор во земјата и промовирање меѓународна соработка со супервизорски тела од областа на осигурувањето;
- Зголемување на довербата на јавноста во осигурителниот систем, поттикнување на свеста на јавноста за улогата на осигурувањето и супервизијата на осигурувањето преку активности на финансиска едукација и финансиска инклузија;
- Зголемување на транспарентноста во работењето на АСО со унапредување на достапноста на информациите до сите заинтересирани страни; и
- Постојано подобрување на системот за менаџмент со квалитет.

## II. Клучни акценти во Планот за спречување на корупција

Планот за спречување на корупција претставува клучен инструмент за зајакнување на интегритетот, транспарентноста и одговорноста во работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување. Неговата цел е рано препознавање и намалување на ризиците од коруптивни практики, унапредување на системите за контрола и да обезбеди транспарентно, одговорно и независно работење на АСО.

Дефиниции и значење на одделни изрази согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

- Под поимот „**службено лице**" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.
- Под поимот „**корист**" се подразбира остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
- Под поимот „**ризик од корупција**" се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.
- Под поимот „**интегритет**" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.
- Под поимот „**јавен интерес**" се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.
- Под поимот „**јавно овластување**", се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.
- Под поимот „**службена должност**" се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.
- Под терминот „**административни работи**" се подразбираат стручно-административни, нормативноправни, статистички, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа,

- Под поимот „**семејство**" се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои службеното лице живее во заедничко домаќинство,
- Под поимот „**блиски лица**" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Главен акцент во планот е ставен на:

- Идентификација и процена на ризици од корупција во сите процеси, постапки и надлежности на АСО,
- Утврдување јасни правила, протоколи и процедури што обезбедуваат транспарентно и отчетно постапување и работење,
- Зајакнување на системите за внатрешна контрола, со цел навремено откривање и спречување на неправилности,
- Воспоставување безбедни и доверливи канали за пријавување сомнежи вклучително и заштита на укажувачи,
- Континуирана едукација и промовирање на култура на интегритет кај сите вработени и раководни лица,
- Почитување на утврдените правила и интерни процедури,
- Редовно следење на мерките од планот согласно идентификуваните ризици, законски обврски и добрите практики.

<u>Корупција би се препознала</u>:

- Доколку вработените и раководството при извршување на своите задачи и овластувања како возврат бараат за себе или за друг некаква корист, погодност, имаат интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета,
- Доколку вработените и раководството свесно ја злоупотребуваат својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист, материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг.

## III. Начела и принципи

Планот на Агенцијата за супервизија на осигурување и неговото спроведување се базира на следните начела: начело на законитост, начело на интегритет, начело на еднаквост, начело на јавност, начело на заштита и одговорност.

1. **Начело на законитост:** Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува согласно Уставот и со законите. Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.
2. **Начело на интегритет**: Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и

непристрасно. Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес. Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

3. **Начело на еднаквост:** Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности. Секој има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување. Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.
4. **Начело на јавност:** Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола од граѓаните.
5. **Начело на заштита и одговорност:** Секој доколку има информации има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон. Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара надомест на штета.

Агенцијата за супервизија на осигурување, преку овој план, ја утврдува својата цел да обезбеди непристрасно, отчетно и етичко работење за интересот на осигурениците и јавноста.

**Бр.01-1055/1**
**24.12.2025 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**
м-р Ели Дракуловска

**Изготвил:** Ратка Целаковски